**Република Македонија**
**Влада на Република Македонија**
СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА

# И Н Ф О Р М А Ц И Ј А

**З А**

**Инструмент за поддршка во подготовката на инфраструктурни проекти - ИПФ во Република Македонија преку регионалната ИПА**

*Скопје, февруари 2009*

*Информацијата има за цел да ги запознае членовите на Владата на Република Македонија за правилата и процесот на имплементирање на ИПФ во РМ, моменталниот статус, како и претстојните активности за 2009 година и да ги упати ресорните министерства на навремена идентификација и подготовка на можни ИПФ проекти за наредниот ИПФ повик*

## 1. Вовед

Активностите за користење на Инструментот на Европската комисија за претпристапна помош (ИПА) на земјите кандидати за членство во Европската унија, се координираат преку службата на Националниот ИПА Координатор, Секретаријатот за европски прашања, како директен партнер на Генералниот директорат за проширување на Европската Комисија.

Во рамките на Компонента 1 Транзициона помош и институционална надградба покрај Националната програма, се врши програмирање и на повеќе-кориснички програми, т.е. хоризонтални и регионални програми. Целта на овие програми е промоција на регионалната соработка и зајакнување на размената на култури и знаење помеѓу земјите кориснички, како и поддршка на иницијативи од заеднички интерес.

Како и програмирањето на сите ИПА компоненти, и оваа активност се гради во рамките на Повеќе годишен индикативен програмски документ – Повеќе-корисничкиот повеќе годишен програмски документ (МБ МИПД). Програмирањето и управувањето со програмата се врши од страна на Европската комисија, Генералниот Директорат за Проширување.

Регионалните и хоризонтални програми треба да бидат комплементарни на националните програми.

Почнувајќи од 2008 година во склоп на ИПА регионалната програма започна имплементацијата на новиот инструмент – Поддршка во подготовката на инфраструктурни проекти (ИПФ) во земјите од Западен Балкан. Како инструмент развиен во соработка на Европската Комисија и Европската инвестициона банка (ЕИБ), Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) и Банка за развој при Советот на Европа (ЦЕБ), истиот преку промоција на соработката со меѓународните финансиски институции го промовира и поддржува инфраструктурниот развој во ИПА/КАРДС земјите, како еден од важните елемент за социо-економскиот развој. Во првата фаза за ИПФ се алоцирани 16 милиони евра од КАРДС. Дополнителни 16.2 милиони евра се алоцирани од ИПА 2008.

ИПФ поддршката ќе биде повеќе-годишна, односно ќе го следи ИПА програмскиот циклус и ќе имплицира долгорочна обврзаност на ЕК, Меѓународните финансиски институции – партнери ЕИБ, ЕБОР и ЦЕБ да осигураат адекватни грантови и заеми за поддршка на инвестициите во регионот. Во иднина, ИПФ ќе овозможи унапредена соработка и со други заинтересирани донори.

## 2. ИПФ

Главната цел на ИПФ е поддршка на развојот и надградбата на инфраструктурата во секторот на транспорт, енергетика, животна средина и социјала, преку придонес во одржливиот развој во регионот. За остварување на оваа општа цел ИПФ инструментот придонесува преку поддршка на подготовка на проекти кои можат да бидат финансирани преку грантови и заеми обезбедени од самите корисници, ИПА фондовите, Меѓународните финансиски институции или други донори.

Земји кориснички на ИПФ се Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Република Македонија, Црна Гора, Србија и Косово[1], и Турција. Приоритет во селекцијата имаат земјите потенцијални кандидатки за членство во Европската Унија од причина што не ги користат фондовите од трета и четврта компонента на ИПА. Во земјите потенцијални кандидатки ИПФ инструментот треба да биде комплементарен со програмирањето на инфраструктурни проекти под првата компонента и да ја востанови стабилна синергија меѓу ИПА грантовите и заемите од Меѓународните финансиски институции. Кај земјите кандидатки за членство, ИПФ треба да биде комплементарен со активностите под трета компонента, и поддршката согледана како приоритет од земјата-корисник и ЕК (DG ELARG и DG REGIO). Национални, регионални и локални ентитети, вклучително и општините, се погодни за ИПФ техничка помош.

[1] Како што е дефинирано со Резолуцијата на Советот за безбедност на ОН 1244

ИПФ обезбедува техничка помош (пред-физибилити студија, физибилити студија, комплетен дизајн, поддршка на тендерскиот проецес, супервизија на имплементацијата на договорите за техничка помош, и сл) за инвестициони проекти во четири области:

- Енергетика (обновлива енергија, системи на интерконекција, трансмисија, енергетска ефикасност и заштеда, ко-генерација, хидро, гасна мрежа, и сл)
- Транспорт (патишта, железници, водни патишта, аеродроми)
- Животна средина (третман на отпадни води, управување со отпад, контрола на емисија, и сл)
- Социјална инфраструктура (училишта, амбуланти и здравствени центри, домување, центри за реклузија, и сл)

**Примарната селекцијата на ИПФ проектите од страна на ИПФ секретаријатот се одвива во две фази:**

1. **Погодност** – оценување на проектоте во поглед на предусловите кои ги прават погодни за ИПФ поддршка, и тоа
   - национална сопственост над проектот (ИПФ проектот ќе се смета за погоден само доколку е пропратен со официјална изјава на релевантниот национален авторитет – НИПАК и релевантното министерство, која ја индицира важноста на инвестициониот проект и неговата вклученост во инвестиционите и буџетни планови.
   - Секторска погодност (енергетика, транспорт, животна средина, социјална инфраструктура)
   - Комплементарност со ИПА националните програми (избегнување на преклопување)
   - Подготвеност/зрелост на проектот (проектите треба да се спремни за брз почеток на имплементација на проектните активности)
   - Хоризонтален импакт

2. **Приоритизација** – откако проектот ќе биде оценет од ИПФ Секретаријатот како проект кој ги исполнува предусловите во поглед на погодноста, следува приоритизација која се врши врз основ на следните критериуми:

   - балансирана распределба на ресурсите меѓу четирите сектори (минимум 10% и максимум 40% од ИПФ средствата ќе бидат алоцирани во секој сектор)
   - рамномерна распределба на ИПФ средствата меѓу подсекторите на секој сектор
   - рамномерна географска распределба на ИПФ средствата меѓу земјите
   - приоритет ќе биде даден на на проектите со високо регионално влијаниеи/или силно социјална димензија и значење за животната средина, како и проекти идентификувани во контекст на регионалните мрежи (Транспортна обсерваторија за Југоисточна Европа - СЕЕТП, Регионална програма за реконструкција во животната средина - РеРЕП, Приоритетни инвестициони проекти во животната средина - ПЕИП, Секретаријат на Енергетската заедница - ЕЦС, и сл)

Според наведените критериуми, предлог проектите подготвени од страна на меѓународни финансиски институции, од националните ентитети или во нивна соработка, и официјално доставени до ЕК преку НИПАК, ИПФ Секретаријатот ги оценува и врши нивна приоритизација – приоритетни проекти, проекти на резервна листа (имаат можност да бидат повторно предложени во наредниот повик), одбиени проекти. Вака подготвената **листа на приоритизирани проекти официјално се одобрува од ИПФ Управниот Комитет**. Управниот Комитет осигурува дека листата на приоритетни проекти е конзистентна со ИПА годишните национални програми.

**Управување и имплементација на ИПФ**

Управувањето со ИПФ се обезбедува од страна на Европската Комисија преку Генералниот Директорат за проширување, кој настапува како авторитет за склучување на договор во име на корисниците.

Управниот Комитет е составен од членови – претставници од Европската Комисија, ЕИБ, ЕБОР, ЦЕБ и од земјите-кориснички. Со Управниот Комитет раководи ГД за Проширување на ЕК. ИПФ Управниот Комитет е предвидено да се состанува најмалку двапати годишно, при што ќе препорачува до ГД за Прошрување поддршка на ИПФ проекти, односно ќе ги одобрува проектите оценети како приоритетни.

ИПФ Секретаријатот е оперативно тело раководено од ГД за Проширување на ЕК. Структурно е составен од претставници на ГД за Проширување, ЕИБ, ЕБОР и ЦЕБ, како и контак-точки од ГД ЕКФИН, ГД ТРЕН, ГД РЕГИО. Секретаријатот обезбедува следење на имплементацијата на целиот проект на месечна база, и проследува процес на идентификација и приоритизација на нови проектни предлози.

Техничката се обезбедува преку тендер.

Првично за импламентацијата на ИПФ беше алоциран буџет во износ од 16 милиони евра од КАРДС 2005 и 2006. Во иднина се предвидува алокација на дополнителни фондови (2008 дополнителни 16 милиони ИПА средства се алоцирани).

.

**<u>3. ИПФ - Прозорец за поддршка општините</u>**

Креацијата на ИПФ е првиот чекор кон поширока Инвестициона Рамка за Западен Балкан. Во тој контекст, предвиден е и подготвен од страна на ЕК посебен инструмент за општините, тесно координиран со ИПФ, ИПФ – Прозорец за поддршка на општините. 24 милиони евра од ИПА 2008 се предвидени за овој инструмент чија имплементација почнува од 2009 година.

**ИПФ – Прозорец за поддршка на општините е предвиден само за земјите потенцијални кандидатки за членство во ЕУ**.

На Република Македонија, Хрватска и Турција поради кандидатскиот статус за членство во ЕУ и можноста за користење на средства од третата ИПА компонента – Компонента за регионален развој, не им е отворен овој инструмент.

Погодни корисници на инвестиционата поддршка се директно општините, или преку јавни или приватни компании кои вршат услуги во општината и кои се директно одговорни за имплементација на инвестицијата.

Целта на ИПФ – Прозорец за општините е преку финансирање на широк ранг на инфраструктурни проекти во соработка со Меѓународните финансиски институции (во прв ред партнерите ЕИБ, ЕБОР, и ЦЕБ/КФВ) да се придонесе во креацијата на услови за одржлив развој во ИПА земјите. Ќе бидат финансиски поддржани инфраструктурните инвестиции на општините во истите приоритетни сектори како и ИПФ, и тоа;

- животна средина
- транспорт
- енергија
- социјална инфраструктура

Финансиската поддршка ќе биде обезбедена преку механизам на грантово ко-финансирање и заеми од Меѓународните финансиски институции, чија цел е јакнење на капацитетот на општините за инфраструктурни инвестиции.

**<u>4. Прв ИПФ Управен Комитет 16.06.2008, Брисел</u>**

На 16.06.2008 година во Брисел се одржа првиот ИПФ Управен Комитет (УК).

Врз основа на гореаведената селективната методологија, од предложени 58 проекти, од страна на IPF Секретаријатот 18 проекти беа оценети како приоритетни, 30 ставени на резервна листа со можност да добијат приоритет на следниот УК, и 10 проекти беа одбиени. По сектори, квантитативниот распоредот на приоритетните проекти беше следниот:

- животна средина - 5
- енергија – 4
- транспорт – 5
- социјала - 4

По однос на земји распоредот на приоритетни проекти беше следниот:

- Албанија – 4
- Босна и Херцеговина – 4
- Црна Гора – 3
- Србија – 3
- Косово – 2
- Република Македонија – 2

<u>Краток опис на проектите од листата на приотитетни проекти од првиот ИПФ Управен Комитет</u>

- Република Македонија:

Предложи 4 проекти, од кои 2 ( Реформа во Затворот Идризово од социјален сектор и Пилот проектот – Развој на ветерници од сектор енергетика) беа оценети како приоритетни за првиот УК, а 2 останаа на резервната листа ( Хидро проект Долина Вардар-Железница од сектор енергетика/транспорт и Конструкција на ОХЛ 400 КВ Република Македонија – Србија)

За проектот Реформа во Затворот Идризово ќе биде одвоен IPF буџет во износ од 500.000 евра за техничка помош, и тоа за Техничка и менаџмент помош, Физибилити студија и Детален дизајн.

За Пилот проектот – Развој на ветерници ќе биде одвоен IPF буџет во износ од 250.000 евра за техничка помош, односно за изготвување Физибилити студија.

- Босна и Херцеговина:

Предложи 9 проекти, од кои 4 беа оценети како приоритетни за првиот УК, 3 останаа на резервна листа и 2 беа одбиени. Еден од приоритетните проекти е од социјалниот сектор, еден од животна средина и два од транспорт. Вкупниот индикативен буџет од IPF за овие пороекти изнесува 2.300.000 евра.

- Албанија:

Предложи 11 проекти, од кои 4 беа оценети како приоритетни за првиот УК, 6 останаа на резервна листа и 1 беше одбиен. Два од приоритетните проекти се од социјалниот сектор, еден транспорт и еден енергетика. Вкупниот индикативен буџет од IPF за 3 од овие пороекти изнесува 3.580.000 евра, со тоа што буџетот од IPF за проектот од енергетика останува да биде дополнително дефиниран.

- Косово:

Предложи 11 проекти, од кои 2 беа оценети како приоритетни за првиот УК, 4 оставени на резервната листа и 5 беа одбиени. Еден од приоритетните проекти е од секторот животна средина, а еден од секторот транспорт. Вкупниот индикативен буџет од IPF за првиот проект изнесува 300.000 евра, а за вториот останува буџетот да биде дополнително определен.

- Црна Гора

Предложи 10 проекти, од кои 3 беа оценети како приоритетни за првиот УК, 6 оставени на резервната листа, 1 беше одбиен. Еден од приоритетните проекти е во енергетскиот сектор, два се во секторот животна средина. Вкупниот индикативен буџет од IPF за првите два проекти изнесува изнесува 2.150.00 евра, а за последниот останува буџетот да биде дополнително определен.

- Србија

Предложи 11 проекти, од кои 3 беа оценети како приоритетни за првиот УК, 7 оставени на резервната листа, 1 беше одбиен. По еден од проектите од секторите транспорт, животна средина и енергетика. Вкупниот индикативен буџет од IPF за овие пороекти изнесува 1.500.000 евра.

На Управниот Комитет беа официјално одобрени приоритетните проекти кои ќе бидат финансирани од IPF фондот во делот за Техничка помош.

Во јули 2008 ГД за Проширување склучи договор со консултантската фирма ВЈГ Интернационал. Именуван е еден тим лидер, четири клучни експерти за секој од приоритетните сектори, и обезбедени се вкупно 19,000 работни денови по лице (долго рочни и кратко рочни експерти) кои ќе обезбедат техничка помош за ИПФ проектите (идентификација, менаџмент, физибилити студија, детален дизајн, поддршка во процесот на тендерирање, супервизија, и сл.) Техничката помош, преку оцена каде и каков тип на поддршка е потребен и остварување на истата, ќе обезбеди поддршка на прогресот на проектите да го достигнат стадиумот на зрелост пред критериумите за позајмување од Меѓународните финансиски институции.
Централната канцеларија на ИПФ експертскиот тим е со седиште во Сараево. ИПФ Проектен тим лидер е г.Антони Смит. Нему му асистираат четирите клучни експерти по приоритетни сектори: Ричард Бел – експерт за транспорт, Мартин Озборн – експерт за енергетика, Евалд Спиталер – експерт за животна средина, Габриел де Симон – социјален експерт. Во тек е отварање и екипирање на локални ИПФ експертски канцеларии во сите земји кориснички.

Во Скопје е отворена локална канцеларија и истата е оперативно работи. Локален ИПФ менаџер за Република Македонија е г.Александар Здравев.

## 5. Статус на ИПФ проектите во Република Македонија одобрени на првиот ИПФ Упоравен Комитет

По однос на Имплементацијата на Пилот Проектот – Развој на ветерници беа одржани во СЕП неколку состаноци со ИПФ експертот за енергетика Мартин Озборн, (на 22.09.2008 и 16.10.2008г.) со цел информирање на тековниот статус на имплементација на овој проект. Од негова страна беа презентирани предвидените активности за имплементација на овој проект, како и изготвените ТоР кој беше испратен на одобрување во ЕК.

Во склоп на Дирекцијата за извршување на санкции екипирано е проектно одделение од четири лица кое ќе биде одговорно за имплементирачките активности на ИПФ Проектот реформа во Затворот Идризово. Во тек се иницијални активности за имплементација на проектот, и ТоР за експертите е во подготовка.

## 6. Втор ИПФ Управен Комитет –2009

Во тек се активностите во под второт повик за ИПФ проекти кои ќе бидат предмет на одобрување на Вториот ИПФ Управен Комитет, закажан да се одржи на 20 март 2009, во Брисел.

Рокот за доставување на ИПФ проекти и до ЕК беше 08.12.2008 година. Оваа информација СЕП ја доби по електронска пошта на 18.11.2008 година.

За рокот беа известени заинтересираните страни кои имаат интерес или пак се на некој начин вклучени и засегнати од проектните иницијативи/предлог проекти кои би биле поднесени од Република Македонија за Вториот ИПФ Управен Комитет.

Во соработка со надлежните институции и ресорните министерства како и Министерството за финансии, СЕП идентификува три зрели проектни предлози под ИПФ инструментот:

1. **<u>Реконструкција и доградба на објектите на јавните здравствени установи во Република Македонија</u>** <u>– социјален сектор</u>.
   Овие активности се дел од реформите на здравството и еден од приоритетите на Владата на Република Македонија кој има за цел подобрување на квалитетот на здравствената заштита во Република Македонија. Согласно Нацрт записникот од 109 – та седница одржана на 26.11.2007 ВРМ ја утврди потребата од реконструкција и доградба на ЈЗУ во РМ, по што е извршена анализа и врз основа на утврдената фактичката состојба оцемета итната потреба од реконструкција и доградба на 41 ЈЗУ низ целата територија на РМ. На 115 – та седница одржана на 21.12.2007 ВРМ ја разгледа информацијата за отпочнување на преговори со Банката за развој при Советот на Европа (ЦЕБ) за финансирање на проектот и го задолжи Министерството за финансии да започне преговори со ЦЕБ за склучување на Договор за заем во износ од 30-40 милиони евра. На 03.01.2008 МФ ја има извесетено ЦЕБ за Одлуката на ВРМ истата да го финансира со заем овој проект.
   Потребната ИПФ техничка помош е со буџет од 500.000 евра. Вкупниот буџет на инвестициониот проект е 95 милиони евра, од кои 40 милиони ќе се обезбедат преку заем од Банката за развој при Советот на Европа (ЦЕБ).
   Корисник на ИПФ проектот е Министерството за здравство на Република Македонија.
2. **<u>Проект за изградба на 400 КВ интерконекција Штип (Република Македонија) – Ниш (Република Србија)</u>** <u>– енергетски сектор.</u>
   Проектот е стратешки приоритет на ВРМ , и со Нацрт записникот од седмата седница на ВРМ одржана на 19.08.2008 укажа на МЕПСО заедно со овластените лица од Министерството за финансии да се обрати до Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка со барање за отпочнување на преговори за склучување на Договор за заем за финансирање на проектот, обезбеден со државна гаранција.
   Вкупниот буџет на инвестициониот проект е 14.000.000 евра, од кои 11.000.000 милиони ќе бидат обезбедени преку заем од Светска Банка.
   Потребната ИПФ техничка помош е со буџет од 100.000 евра за изработка на Студија – оцена на импактот по животната средина.
3. **<u>Изградба на пречистителна станица за отпадни води и санација на дел од канализационата мрежа во Прилеп</u>** <u>– сектор животна средина</u>.
   Проектот е еден од приоритетите на ВРМ и има за цел востановување на инфраструктура за собирање и третман на отпадни води, како и санација и надградба на канализационата мрежа согласно ЕУ стандардите. Проектот е идентификуван како еден од големите проекти во рамките на Оперативната програма за регионален развој 2007-2009 одобрена од ЕК.
   Вкупниот буџет на инвестициониот проект изнесува просечно 19.5 милиони евра и се комбинација на национални и ИПА (3 компонента) средства.
   Потребната ИПФ техничка помош е со буџет од 170.000 евра и се однесува на ревизија на проектните документи за Пречистителната станица за отпадни води во Прилеп.

   На 16.12.2008 година се одржа 6та Средба на ИПФ Секретаријатот, а на 22.01.2009 7та средба на ИПФ Секретаријатот на кои беа анализирани, оценети и приоритизирани предлог ИПФ проектите од земјите кориснички. Согласно приоритизацијата остварена на наведените две средби на Секретаријатот статусот на ИПФ предлог проектите од Република Македонија е следниот:

- <u>Проект за изградба на 400 КВ интерконекција Штип (Република Македонија) – Ниш (Република Србија) – ПРИОРИТЕТ.</u>

-
- Реконструкција и доградба на објектите на јавните здравствени установи во Република Македонија – НА РЕЗЕРВНА ЛИСТА.
-
- Изградба на пречистителна станица за отпадни води и санација на дел од канализационата мрежа во Прилеп – ОДБИЕН.

Официјалното одобрување на ИПФ проектите од вториот повик ќе се случи на вториот ИПФ Управен Комитет закажан за 20 март 2009 година во Брисел.

Земјите кориснички меѓу кои и Република Македонија можат да започнат со подготовка за наредниот повик веднаш. Предлог ИПФ проектите за наредниот трет ИПФ повик ќе се испратат до ЕК откако ќе биде соопштен рокот за достава на ИПФ проекти за третиот ИПФ Управен Комитет.

**АНЕКС 1. Апликативна форма за ИПФ проекти**

## INFRASTRUCTURE PROJECTS FACILITY

<table>
<tr><td colspan="4">TA Project Description Format (TAPDF)<br>(The present format does not substitute other available detailed description of the project, which will be attached to the present document)</td></tr>
<tr><td colspan="2" rowspan="2">Investment Project Title:</td><td>Code</td><td>TA-country-0X</td></tr>
<tr><td>Sector</td><td></td></tr>
<tr><td rowspan="2">Location</td><td>Country(ies)</td><td>Sub sector</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="3">Municipality(ies)</td></tr>
<tr><td colspan="4">Investment Project Description (short description of the required investment and the present situation, including problems to overcome)</td></tr>
<tr><td colspan="4">Beneficiary institution: (indicate the beneficiary institution including details of the contact person within the institution)</td></tr>
<tr><td colspan="4">Strategy / Investment Plans: (specify which strategy and/or investment plans both at national and regional level include the proposed project)</td></tr>
<tr><td colspan="4">Interested IFI / Other Investors: (indicate all interested IFI/donors as well as the kind of expressed interest and the type of commitment available at the moment of submission of the proposal)</td></tr>
<tr><td colspan="4">Estimated Budget of the investment project: (indicate also the source of the information provided and whether it is an estimate or a more accurate figure)</td></tr>
<tr><td colspan="4">Outcome / Results to be achieved: (try to specify the foreseen results in terms of renewed, upgraded or new infrastructure that are expected when the investment is available)</td></tr>
<tr><td colspan="4">Description of benefits: (indicate the estimated number of direct beneficiaries, as well as the economic, social and environmental benefits produced by the investment)</td></tr>
<tr><td colspan="4">Additional comments on the project: (duration, constraints, site availability, etc..)</td></tr>
<tr><td rowspan="7">Services required (mark only the type of services required at this stage of the project cycle)</td><td></td><td>To be marked with X</td><td>Comments (indicate also whether terms of reference for the requested services are available and who elaborated them)</td></tr>
<tr><td>Identification</td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Technical and/or management assistance</td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Pre-feasibility study</td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Feasibility study</td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Detailed Design</td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Assistance to</td><td></td><td></td></tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| | *tendering process* | | |
| | *Supervision of works* | | |
| | *Other (specify)* | | |
| *Relevant background for the Services (indicate and comment including date of final report only for the already existing documents)* | | *Yes/No* | *comments* |
| | *Identification* | | |
| | *Pre-feasibility study* | | |
| | *Feasibility study* | | |
| | *Detailed Design* | | |
| | *Tendering process* | | |
| *Budget estimation for the services: (indicate any available budget and experts' input including the source of information)* | | | |
| *Additional comments on the required services: (duration, inputs, any constraints which limit the start of the services, etc..)* | | | |

| **Investment Project Rationale** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Category A**<br>**High** | **Category B**<br>**Medium** | **Category C**<br>**Low** | **Comments**<br>Describe the situation and justify the choice of the category |
| **The Financing Perspective** | There is a clear interest from one of the three IFI (EIB, EBRD, CEB) / National Authorities / IPA National Programmes | There is a clear interest from another IFI / donor or investor | There is no financing perspective | |
| | | | | |
| **The Social Impact** | There is a clear direct impact on population groups for the improvement of the social conditions (health, hygiene, education, work) | There is an indirect social impact on identified population groups | There is no relevant social impact | |
| | | | | |
| **The Environmental Impact** | There is a clear positive impact on the environment | The environmental impact is positive, but mainly local and/or limited | There is no evident impact on the environment | |
| | | | | |
| **The Regional / Cross Border Impact** | There is an evident regional and/or cross border impact | It has side effects on other countries /regions in terms of pilot experience, innovation, lesson | It has mainly a local impact. No impact on border countries | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | learned, | | |
| | | | | |
| **Economic and Financial Criteria** | The economic and financial analysis (if available) or preliminary cost-benefit analysis give very positive economic and financial perspectives (EIRR, FIRR) | The economic and financial analysis (if available) or preliminary cost-benefit analysis give positive economic and financial perspectives (EIRR, FIRR) | The economic and financial analysis (if available) or preliminary cost-benefit analysis give positive economic perspective (EIRR), while the financial and the affordability analyses are not positive | |
| | | | | |
| | | | | |